**Д О:  УПРАВЕН СУД - СКОПЈЕ**
ул. „Даме Груев“ бр. 6 – 1000 Скопје
тел. 02/320-3200 | upravensud@usskopje.mk

**Т У Ж И Т Е Л:** **ПРОФ. Д-Р ДИМИТАР АПАСИЕВ – ПРАТЕНИК И ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ПОСТОЈАНАТА АНКЕТНА КОМИСИЈА**
Службена адреса: ул. „11-ти Октомври” бр. 10 – 1000 Скопје, Центар

@sobranie.mk

**Т У Ж Е Н:** **СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА** СЕВЕРНА **МАКЕДОНИЈА**
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА РСМ – АФРИМ ГАШИ
ул. „11-ти Октомври” бр. 10 – 1000 Скопје, Центар
www.sobranie.mk | sobranie@sobranie.mk | ЕМБС: 4064682

**О С Н О В:** **МОЛЧЕЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА**

**В Р Е Д Н О С Т:** **40.000 ДЕНАРИ** (НЕОПРЕДЕЛЕНА)

Врз основа на член 2; чл. 3, ст. 1, ал. 2; чл. 24, ст. 2, ал. 4 и чл. 26, ст. 2 од *Законот за управните спорови* (Сл. весник на РМ бр. 96/2019 и 220/24) – благовремено, по истекот на максималниот законски предвиден рок за донесување на актот, ја поднесувам оваа моја

# Т У Ж Б А
## ЗА ПОВЕДУВАЊЕ УПРАВЕН СПОР
ПОРАДИ МОЛЧЕЊЕ НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

На ден 7 јули 2025 година (понеделник), преку архивата на Собранието на РМ, во својство на актуелен претседател на парламентарната Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, поднесов **Управен приговор против реален акт**, со кој го оспорив писмениот *Допис бр. 09-3781/1* на собранискиот спикер од 1 јули 2025, со кое тој – спротивно на закон и пречекорувајќи ги своите службени овластувања – го поништува свикувањето на Петтата седница на Постојаната анкетна комисија со која раководам, како нејзин избран претседател на работното тело.

ДОКАЗ 1: *Одлука за основање постојани работни тела во Собранието на РМ бр. 08-3050/1* (13.06.2024)

ДОКАЗ 2: *Одлука за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите*

*во Собранието на РМ бр. 08-2883/1* (7.06.2024)

Доказ 3: *Допис од претседателот на Собранието на РСМ до претседателот на П.А.К. бр. 09-3781/1* (1.07.2025) – примено на моето работно биро на ден 2 јули 2025

Доказ 4: *Добиена официјална SMS порака на службениот собраниски телефон 071/266-301* (3.07.2025 во 15:23 h)

Доказ 5: *Управен приговор бр. 17-3781/2* (7.07.2025) – со приложените материјални докази

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Согласно чл. 14 од *Законот за општата управна постапка* (Сл. весник на РМ бр. 124/2015 и 65/18): „Странката има ***право на правна заштита*** против секое управно дејствие или реален акт согласно со законот"! „Странката има право на правна заштита против секое управно дејствие или пропуштање на управно дејствие, ако тврди дека со тоа дејствие или пропуштање се повредени нејзините права или правни интереси. **Правни лекови** се: - жалбата; - повторувањето на постапката и - приговорот. Исцрпувањето на жалбата, односно приговорот е предуслов за поведување спор пред надлежниот суд, ако со закон е загарантирана жалбата, односно приговорот. Кога жалбата, односно приговорот не се загарантирани со закон, странката има право да поведе управен спор"! [чл. 104 од ЗОУП].

А, пак, „***реален акт*** е акт или дејствие на јавниот орган што не е управен акт или управен договор, што може да има правно дејство врз правата, обврските или правните интереси на некое лице, како што се јавните информации, примање изјави, водење евиденција, издавање уверенија, дејствија на извршување и други фактички дејствија" [чл. 4, ст. 1, ал. 12 од ЗОУП]!

Против реалниот акт, кој се третира како *друго управно дејствие*, „странката може да поднесе **приговор против реален акт** во согласност со овој закон" [чл. 102, ст. 2 од ЗОУП]. „Против реален акт или негово пропуштање, странката може да изјави управен приговор до јавниот орган кој го преземал или не го преземал реалниот акт, ако странката тврди дека нејзините права или правни интереси се повредени од тие дејствија или неизвршувањето на дејствијата... Одредбите од овој закон за формата, содржината, рокот за изјавување и поднесувањето на *жалба* соодветно се применуваат за приговор" [чл. 118, ст. 1 и 3 од ЗОУП].

„***Постапката по приговорот против реални акти*** или нивно пропуштање ја спроведува посебна организационата единица или колегијално тело на јавниот орган кој го издава реалниот акт. Административниот службеник, односно вработениот кој е одговорен за побиваниот реален акт или за неговото непреземање не смее да учествува во постапката. Јавниот орган решава за управниот приговор против реални акти или нивно пропуштање преку управен акт, кој треба да се донесе и достави без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена по приемот на приговорот. Против овој управен акт **може да се поведе управен спор** пред надлежен суд" [чл. 119 од ЗОУП].

*

Очигледно е дека мојот Приговор кој го поднесов поради нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право (лат. *error facti* + *error iuris*) е **поднесен навремено** – во законски предвидениот жалбен рок за редовен правен лек од 15 дена, согласно чл. 106, ст. 1 од ЗОУП кој супсидијарно се применува и на интерната постапка по управен приговор, односно актот против кој приговарам е од 1 јули 2025, примен е на 2 јули 2025, а приговорот е поднесен на 7 јули 2025 год.

Согласно актуелно-важечкото позитивно право, јавниот орган задолжително требало да се произнесе по мојот правен лек, т.е. **морал мериторно да реши за Приговорот со поединечен управен акт**, кој требало веднаш и без одлагање, а најдоцна во императивниот законски рок од 15 дена по приемот – да ми го достави мене, како засегната странка со легитимен правен интерес [сп. чл. 119, ст. 3 од ЗОУП]! Оттука, бидејќи приговорот е поднесен преку архива на ден 7 јули 2025, петнаесетдневниот законски максимален рок истекол на ден 22 јули 2025 година (вторник) – до кога јавниот орган мораше да се произнесе со нов управен акт, против кој ќе имав загарантирано уставно и законско право на поведување управен спор.

Во ваква „лимбо“ ситуација, каде што јавниот орган молчи и не се произнесува во законскиот рок, јас сум ставен во неблагодарна и неправична правна положба и сум ефективно оневозможен и спречен да ја продолжам постапката пред суд, со што **ми е ускратено уставното право на судска заштита** (чл. 50 од УРМ)[1] – поради што се настанати законските услови за тужба поради „молчење на управата“, за што и го иницирам овој управен спор in concreto.

***

Поради горенаведените јасни причини, јас како засегната странка и тужител со легитимен правен интерес, на кој му се узурпирани и повредени законски права, ја поднесувам оваа Тужба за поведување управен спор – со која му предлагам на Судот да ја донесе следнава

## П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот пратеник проф. д-р Димитар Апасиев од Скопје, изјавено во својство на претседател на собраниската Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, **СЕ УВАЖУВА** во целост.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот јавен орган Собрание на Република Северна Македонија – Претседател на Собранието на РСМ - Африм Гаши да донесе управен акт / решение со кое ќе се произнесе по повод поднесениот *Управен приговор бр. 17-3781/2* (од 7 јули 2025 година) – во рок од осум дена од приемот на пресудава, а под страв од присилно извршување.

[1] „Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања“ [чл. 50, ст. 2 од *Уставот на РМ*].

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да  му ги надомести на тужителот трошоците на постапката.

**П р и л о з и:**

- *Доказ за платена такса за тужба* (уплатница / вирман);
- *Лична карта* за тужителот;
- *Тековна состојба* за тужениот; и
- *Листа на писмени докази* (нумерирани како во поднесоков).

С к о п ј е
25.VII.2025

***Т у ж и т е л:***
**проф. д-р ДИМИТАР АПАСИЕВ**

___________________________________

(Пратеник во Собранието на РМ и претседател на П.А.К.)